# ОДОБРЕНИЕ ЗА ОДОБРЕН ИЗВОЗНИК

Правна основа за спроведување на постапката за издавање на одобрение за одобрен извозник се:

- член 7 и член 26 од Царинскиот закон,
- член 55 од Уредбата за спроведување на Царинскиот закон,
- одредбите на Протоколите за потекло кон Спогодбите/Договорите за слободна трговија кои Република Македонија ги има склучено со земјите членки на Европската унија, ЕФТА и ЦЕФТА, како и со Турција и
- одредбите на Регионалната конвенција за Паневромедитерански преференцијални правила на потекло.

Со издавање на одобрението за одобрен извозник на имателот му се овозможува да изготвува изјави во фактура/изјави за потекло или изјави во фактура ЕУР-МЕД/изјави за потекло ЕУР-МЕД (во натамошниот текст: Изјава за потекло) како доказ за преференцијално потекло без разлика на вредноста на стоката за која се однесува изјавата.

**Барање за издавање на одобрение за одобрен извозник**

Барањето за издавање на ново одобрение за одобрен извозник (во натамошниот текст: Одобрение) е пропишан образец и даден во прилог.

Потребни документи кон барањето:

- список на извозни декларации во кои е наведен и бројот на издадените Уверенија за движење за период од една година,
- докази со кои се потврдува стекнувањето на потекло за избрани примери и образложение како може да се следи потеклото на материјалите (во материјалното книговодство) што се употребуваат во производството,
- докази за плаќање на царинските давачки за материјалите без потекло кои се вградени во стоките кои се извезуваат со Изјава за потекло.

Кон барањето се приложува административна такса од 550 денари со следните податоци:
Цел на дознака: административна такса,
Назив на примач: Трезорска сметка,
Трансакциска сметка: 100000000063095,
Уплатна сметка 840 ххх 03161.

**Изменување и дополнување на Одобрението**

Изменување и дополнување на Одобрението се врши доколку се промени фактичката и правната состојба врз основа на кои е донесено, а особено во случај на:

- измени на одредбите на Спогодбите/Договорите за слободна трговија или Регионалната конвенција за Паневромедитерански преференцијални правила на потекло кои имаат влијание на донесеното Одобрение,
- промени на податоците за стоката за која е издадено одобрението (на пример: измена на тарифните броеви поради усогласување со измената на Одлуката за распоредување на стоките, промена на трговското име на стоката, проширување на списокот со стоки кои со тарифни броеви и трговско име не се наведени во списокот),
- промена на државите во кои се извезува стоката,
- промени на податоците за овластените лица на одобрениот извозник наведени во Одобрението (на пример: промена на презимето, бришење на овластен лице или додавање на ново овластено лице),
- промени на податоците за одобрениот извозник (на пример: промена на името-називот, адресата на седиштето и сл.), а кои не претставуваат статусна промена која доведува до

формирање на ново правно лице со нов даночен број, во кој случај треба да се поднесе ново барање за ново одобрение,
- стечај или ликвидација.

Барањето за измена или дополнување се поднесува во слободна форма со наведување на податоци за првобитното барање и податоци за конкретни промени кои е потребно да се извршат во првобитното барање и во прилог се доставуваат соодветните документи за промената.
Кон барањето се приложува административна такса од 550 денари со следните податоци:
Цел на дознака: административна такса,
Назив на примач: Трезорска сметка,
Трансакциска сметка: 100000000063095,
Уплатна сметка 840 ххх 03161.

**Одземање (укинување) на Одобрението**

Одлука за одземање (укинување) на одобрението се донесува во случај на утврдени факти и изведени докази дека одобрениот извозник:
- не ги почитува одредбите од Спогодбите/Договорите за слободна трговија или Регионалната конвенција за Паневромедитерански преференцијални правила на потекло,
- го злоупотребува или неправилно го користи Одобрението,
- повеќе не ги исполнува условите и/или критериумите врз основа на кое е издадено Одобрението.